Индекс на перцепција на корупција (ИПК) 2019:
Најчесто поставувани прашања

Што преставува Индексот на перцепција на корупција (ИПК)?
ИПК ги рангира и бодира земјите/територииите врз основа на проценетата корупција во јавниот сектор на државата, од страна на експерти и бизнис секторот. Тоа претставува сложен индекс, комбинација на анализи и проценки на корупција, собрани од повеќе реномирани институции. ИПК претставува најраспространет индикатор кој се користи за мерење на корупција ширум светот.

Кои извори на податоци се употребуваат за ИПК?
ИПК од 2019 се базира на 13 извори на податоци од 12 независни институции специјализирани во областа на управување и анализа на бизнис климата. Изворите на информации користени за ИПК од 2019 се базирани на податоци објавени во претходните две години. ИПК вклучува извори коишто обезбедуваат резултати за одредени земји/територии, и коишто ги детерминираат експертските перцепции во однос на корупцијата во јавниот сектор. Транспаренси Интернешнл детално ја прегледува методологијата за секој вид на извор на податоци за да се осигура дека податоците се во согласност со квалитативните стандарди на Транспаренси Интернешнл. За целосна листа на изворите на податоци, типот на испитаници, и конкретните прашања користени во анкетирањето, видете го документот во којшто се состои описот на ИПК изворите.

Зошто е потребен ИПК ако веќе постојат 13 други извори на детектирање на корупција во јавниот сектор?
Постојат четири својства коишто го квалификуваат ИПК како валиден индикатор на управување:

1. ИПК опфаќа глобална географска покриеност.
2. ИПК е поверодостоен извор, отколку било кој друг поединечен извор поради тоа што надоместува за евентуални грешки меѓу изворите, со земање на просек од најмалку три различни извори, и најмногу до 13.
3. Скалата од 0 до 100 на ИПК, може да разликува помеѓу перцепирани степени на корупција со повеќе јасност отколку извори коишто, на пример, имаат скала од 1 до 7, или од 1 до 10, каде што секоја држава е назначена со целосен број.
4. Со тоа што основните извори на ИПК оценуваат различни димензии, и манифестации на корупција во јавниот сектор, ИПК успева да ги усогласи различните аспекти на корупција во еден индикатор.

Зошто ИПК се базира само на перцепции?
Корупцијата генерално се состои од нелегални активности, кои се намерно скриени и само се обелоденуваат преку скандали, истраги или обвинениja. Иако

академски истражувачи, граѓанскиот сектор, и владиниот сектор имаат направено напредок во однос на објективното детектирање на корупција во одредени сектори, сепак сè уште не постои значаен индикатор во однос на мерењето на објективни национални степени на корупција. Изворите и анкетите коишто се состојат во ИПК, и коишто се користат за добивање на одговори од страна на испитаниците, се базирани на посебно дизајнирани, и калибрирани прашалници. (За листа на сите извори и прашања кои се поставуваат, видете тука.) ИПК содржи ставови на релевантни заинтересирани страни, кои во принцип се поврзани со објективни индикатори или показатели, како што се искуства на граѓани со поткуп, како што се посочени од страна на Глобалниот Барометар на Корупција (Global Corruption Barometer).

Кои земји/територии се вклучени во ИПК 2019 година и зошто?
За земји или територија да биде вклучена во рангирањето, треба да биде и вклучена во најмалку три извори на податоци на ИПК. Ако земјата не е претставена во рангирањето, тоа е поради недоволните информации за анализа, а никако како знак дека корупција не постои во земјата. Оваа година 180 земји и територии се вклучени во индексот, исто како во 2018 година.

Која е разликата помеѓу рангирањето на земја/територија и нејзиниот резултат?
Резултатот на една земја/територија ја покажува перцепцијата на нејзиното ниво на корупција во јавниот сектор на скала од 0-100, каде 0 значи дека земјата се перцепира како високо коруптивна и 100 дека земјата се перцепира како многу чиста. Рангирањето на земјата ја покажува нејзината позиција во однос на останатите земји/територии вклучени во индексот. Рангирањето може да се промени само ако се промени бројот на вклучените земји во индексот.

Кои манифестации на корупција се детектирани од страна на ИПК?
Изворите на податоци од ИПК ги детектираат следните аспекти на корупција, базирани врз основа на конкретната формулација на прашањето што се користи за собирање на податоците:

- Мито
- Пренасочување на јавните средства
- Големиот број на службеници кои ја користат јавната функција за приватна корист без да се соочат со последиците од таквата постапка
- Способноста на владите да ја спречат корупцијата и да спроведат ефективни механизми на интегритет во јавниот сектор
- Бирократизацијата, и прекумерниот бирократски товар којшто може да ги зголеми можностите за корупција
- Меритократско наспроти непотистично назначување во државната служба
- Ефективно кривично гонење на корумпираните службеници
- Соодветни закони за финансиско објавување и спречување на конфликт на интереси кај јавните службеници
- Правна заштита за укажувачи, новинари, истражувачи кога пријавуваат случаи на мито и корупција
- Заробување на државата од страна на ограничени интереси
- Пристап до информации за работи од јавен карактер за граѓанскиот сектор

За целосна листа на прашањата користени од страна на ИПК изворите на податоци, видете го документот во којшто се состои описот на ИПК изворите.

Кои манифестации на корупција не се опфатени од страна на ИПК?
Изворите на податоци на ИПК не ги вклучуваат следните аспекти на корупција:

- Граѓански перцепции или искуства со корупција
- Даночна измама
- Недозволени финансиски текови
- Овозможувачи на корупција (адвокати, сметководители, финансиски советници итн)
- Перење на пари
- Корупција во приватниот сектор
- Неформални економии и пазари

Дали земјата/територијата со најниска оценка е најкорумпираната држава во светот?
Не. ИПК е индикатор на перцепција на корупцијата на јавниот сектор т.е. административната и политичката корупција. Тоа не преставува оценка на сите нивоа на корупција на сите нации и општества, или пак на нивните политики или активностите на нивниот приватен сектор. Граѓаните на овие земји/територии кои се оценети со најниска оценка односно се на дното на ИПК многу често покажуваат ист интерес и осуда на корупцијата како јавноста во земјите каде перформансите се силни.
Понатаму, земјата/територијата со најниска оценка е онаа во која корупцијата на јавниот сектор *се смета за најголема од оние вклучени во листата*. ИПК не дава информации за земји/територии кои не се вклучени во индексот.

Дали може оценката за земјата во 2019 за Индексот на перцепција на корупција да се споредува со претходната година?
Да. Како дел од ажурираната методологија користена за да се пресмета ИПК во 2012 формирана е нова скала од 0-100. Секоја оценка за земјата дадена од основните извори на податоци се преквалификува со помош на глобалната средна и стандардна девијација од ИПК од 2012 како година на референца. Користејќи ја оваа скала можат да се споредат ИПК резултатите на една со друга година од 2012 година. Поради ажурирањата во методологијата, ИПК резултатите пред 2012 година не може да се споредуваат.

За подетален опис во однос на промената на методологијата во 2012, видете Индексот на Перцепција на Корупцијата – Ажурирана Методологија за 2012 година.

Каде можам да ја најдам целосната табела на резултати во временски формат?
Можете да ја најдете на нашата веб-страница.

Сакам да ги репродуцирам ИПК резултатите за моја публикација – дали е потребно да прашам за дозвола?
Не. Освен ако не е поинаку наведено, содржината на Транспаренси Интернешнл е опфатена со лиценцата Creative Commons Attribution-NoDerivs 4.0. Ова значи дека можете да ја користите нашата содржина без да нè контактирате, се додека е во согласност со условите од нашата лиценца. Вие се согласувате со условите од лиценцата доколку ја кредитирате и поврзувате нашата содржина на следниот начин:

НАСЛОВ НА СОДРЖИНА (ГОДИНА) од Транспаренси Интернешнл – лиценцирана според CC-BY-ND 4.0

Ве молиме наведете го линкот на содржината од ТИ под погоре споменатиот НАСЛОВ НА СОДРЖИНА (ГОДИНА).

Атрибутот „NoDerivs" значи дека не е дозволено да се изменува содржината под споменатата лиценца.

Дали можам да ги споредувам резултатите од пред 2012 година?
Не, поради промена во нашата методологија во 2012, резултатите коишто и претходат на таа година не можат да се споредуваат. Само ИПК резултатите од 2012 година натаму можат да се споредуваат.

Дали може да се споредуваат држави доколку истите се рангирани според различни извори?
Да. Преку нашиот процес на промена на сакалата на бодување, сите наши извори на податоци се приближуваат кон глобалното средно и стандардно отстапување со основното ниво од 2012 година, за да овозможат временска компарација. За поопфатно објаснување на овој процесот, видете ја нашата белешка за техничка методологија.

Мојата земја го промени ИПК резултатот за еден или два поени? Дали тоа значи дека корупцијата се зголемила/намалила?
ИПК е композитен индикатор, со најмалку три извори користени по држава за пресметување на ИПК резултатот. За некои земји изворите даваат слични оценки, додека за други земји изворите даваат поширок спектар на рејтинзи.
Ние ја пријавуваме оваа разлика користејќи ја стандардната грешка и горните и долните граници за „интервалот на доверба". Земјите кои имаат сличен рејтинг од страна на изворите имат пониска стандардна грешка, додека земјите со поголем извор на податоци имаат повисока стандардна грешка. Малку е веројатно дека промена на поени од еден или два индексни поени би била статистички значајна. Статистички значајните промени се назначени во нашата ексел табела на резултати. Видете го ексел документот назначен како „статистички значајни промени".

Дали ИПК ја прикажува реалната слика на корупција во земјата?
Не. ИПК е ограничен во обем, и го опфаќа опсегот на перцепции во однос на корупција во јавниот сектор од страна на бизнис секторот, и експертите од земјата. Надополнувајќи го ова гледиште и земајќи ги во предвид различните аспекти на корупцијата, Транспаренси Интернешнл опфаќа опсег на квалитативни и квантитативни истражувања во однос на корупцијата, на глобално ниво на Секретаријатот, и на национално ниво преку мрежата на Транспаренси Интернешнл која опфаќа повеќе од 100 земји во светот.

Во надополнување на ИПК, Транспаренси Интернешнл има и останати глобални истражувачки материјали коишто се достапни на веб-страната на ТИ.

Дали имало независни проверки за валидноста на методологијата на ИПК?

Заедничкиот истражувачки центар на Европската Комисија спроведе независна ревизија на ИПК 2017 и неговата методологија. Истата ревизија беше спроведена во 2012 година по воведувањето на нова методологија за пресметка на ИПК. Двете ревизии откриле дека ИПК е концепциски и статистички кохерентен и има избалансирана структура.

Како се пресметуваат статистички значајни промени?

Од 2018 година, Транспаренси Интернешнл користи ревидиран пристап за пресметување на стандардни грешки и големини на ефекти, врз основа на совети од Заедничкиот истражувачки центар на Европската Комисија. Статистички значајните двигатели се пресметуваат со користење на големината на ефектот, стандардната девијација и бројот на извори што се користат за секоја земја. Промените во резултатите на ИПК се сметаат за статистички значајни, со користење на 90% доверлив интервал. Целосно објаснување, вклучувајќи ги и сите формули, може да се најде во забелешката за техничка методологија.